Македонска берза

Утрински весник

**МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ ВО СОРАБОТКА СО УТРИНСКИ ВЕСНИК
ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ "БЕРЗАНСКИ ИНКУБАТОР" ОБЈАВУВА**

# О Г Л А С

**за пријавување на интерес за бесплатно подготвување на документација
за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда и котација на Берза**

**1. Услови за пријавување**

На огласот може да се пријават трговски друштва со седиште во Република Македонија што не се на котација на Официјалниот пазар на Македонската берза и што имаат намера да издаваат хартии од вредност по пат на јавна понуда и да котираат на Берза.

Друштвата треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

- Да имаат капитал од најмалку 250.000 евра;
- Да имаат остварено позитивни финансиски резултати во последните 2 години;
- Да имаат стратегија за развој на друштвото во писмена форма.

**2. Стручна помош на Македонска берза АД Скопје**

Македонска берза бесплатно ќе ја понуди својата стручна помош при подготовка на документацијата што издавачот на хартии од вредност (согласно Законот за хартии од вредност и подзаконските акти донесени од Комисијата за хартии од вредност и Берзата) треба да ја изработи/поседува во случај на прибирање на капитал по пат на јавна понуда на хартии од вредност и котација на Берза (акт за издавање на хартии од вредност, проспект, барање за одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда, барање за котација, како и друга потребна документација поврзана со издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда, односно котација на Берза).

**3. Начин на пријавување на огласот**

Сите заинтересирани трговски друштва што ги исполнуваат условите наведени во точка 1 од овој Оглас може да се пријават со доставување на следната документација во Архивата на Македонска берза:

1. Примерок од тековна состојба;
2. Статут на друштвото;
3. Финансиски извештаи за последните 2 години;
4. Документ во кој се опишува развојната стратегија на друштвото.

**4. Рок за пријавување**

Рокот за пријавување на овој Оглас е најдоцна до **31.01.2015** година.

**5. Начин на избор**

Во случај на пријавување на повеќе трговски друштва на овој Оглас Македонска берза ќе го изврши изборот на друштвото согласно следните критериуми:

- Поголема вредност на капитал на друштвото;
- Поголем износ на остварени приходи;
- Поголем вкупен износ на добивка остварена во последните 2 години;
- Поголем износ на емисија.

Наведените критериуми ќе имаат подеднакво влијание при изборот на друштвото.

Повеќе информации на телефон 02 3122-055 или на mse@mse.org.mk со напомена "За проект Берзански инкубатор".

Берзата го задржува правото во одредени случаи да не ја додели стручната помош доколку процени дека согласно документацијата приложена од трговското друштво неговите пазарни карактеристики не се погодни за македонскиот пазар на хартии од вредност.